# Полугодишен извештај
# за работата на
# ООУ “Стив Наумов“ - Скопје




**Учебна 2020/2021год**

## 1.Општи податоци за основното училиште

## Лична карта на ООУ „Стив Наумов“

ООУ „Стив Наумов“ - Скопје е сместено во источниот дел на град Скопје, во тн. индустриска зона на градот, во населбата Автокоманда, на ул. „Лазар Поп Трајков“ бр. 28, општина Гази Баба. Училиштето ги опфаќа учениците од урбани заедници „Автокоманда“, „Керамидница“ и „Триангла“.
Општинското основното училиште „Стив Наумов“ - Скопје, работи во еден објект.

### Општинско основно училиште ,,Стив Наумов“-денес

Училиштето е со статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од I – IX одделение. Во училиштето се изведува целодневна настава за учениците од I до III одделение и дневен престој за учениците од I до V одделение (класична настава).

Во својата работа училиштето постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализата на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него.

Политиката на јавност и транспарентност е трајна определба на училиштето, а изворите на информации се познати и достапни на сите заинтересирани целни групи.

Училиштето ги следи современите тенденции и практики во областа на образованието со цел унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес. Преку планирање на активности придонесува за развивање мултикултурен и родов сензибилитет кај учениците и активно учествува во градењето на инклузивното образование кое пак претставува темел на инклузивното општество.

**1.1 Табела со општи податоци за училиштето**

| | |
|---|---|
| **Адреса, општина, место** | ул. „Лазар Поп Трајков“ бр.28 Гази Баба Скопје |
| **Телефон** | 3174006 и 3173635 |
| **Факс** | 3173635 |
| **e-mail** | ou_stiv_naumov@yahoo.com |
| **Основано од** | Општина Гази Баба |
| **Верификација- број на актот** | 14-1205/1 |
| **Година на верификација** | 26.02.1986 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1948;1958 и 1968 година |
| **Тип на градба** | цврста градба |
| **Површина на објектот** | 5000 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 10 000м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 500м2 |
| **Училиштето работи во смена** | две смени |
| **Начин на загревање на училиштето** | централно греење |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 34+2 дневен престој=36 паралелки |
| **Број на смени** | смена и половина |

**1.2 Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште**

| | |
|---|---|
| **Училишен Одбор** | 1.Билјана Теовска–стручен соработник<br>2.Магдалена Јанковска– наставник<br>3.Руменка Дејанова– наставник<br>4.Димитар Проданов – родител<br>5.Сашко Јорданов – родител –член<br>6.Габриела Чобанова– родител – член<br>7.Александра Спасевска– локална власт – член |
| **Совет на родители** | Ана Кузева<br>Јелена Богоева<br>Горан Милески,<br>Анета Георгиевска<br>Предраг Христовски<br>Елена Коцева Шурлиновска<br>Марија Андровска<br>Олга Губериниќ<br>Ирена Жбајнова<br>Александра Маневска<br>Мирослав Блажевски<br>Шенај Исмаил Кутај<br>Марија Маринковиќ<br>Маја Трајаноска<br>Ѓорѓе Поп - Кочев<br>Душанка Ѓорѓиевска<br>Јелена Обочки Апостолова<br>Ели Бојаровска<br>Александра Спасеска<br>Димитар Проданов<br>Тодор Бузалковски<br>Тони Лефковски<br>Јасмина Трпчевска<br>Габриела Давиткова Чобанов<br>Славица Танчовска<br>Ели Јованова Спасова<br>Маја Kacarska<br>Јулијана Ројчинова<br>Јасмина Маврак<br>Даниела Станковска<br>Сашко Јорданов<br>Џизела Ѓорѓиева<br>Гордана Донева Јаниќ<br>Каролина Тошевска |
| **Стручни активи** | 1. Стручен актив на одделенска настава<br>2.Стручен актив на природно математичка група на предмети<br>3.Стручен актив на општествено хуманитарна група на предмети |
| **Одделенски совети** | Одделенските совети ги сочинуваат 30 одделенски и 26 предметни наставници |
| **Заедница на парелелката** | 836 ученици |

| | |
|---|---|
| **Членови на училишниот инклузивен тим** | Билјана Теовска –дефектолог, Биљана Василевска-педагог, Розета Филькова,одделенски наставник, Софија Петроска-предметен наставник, Драгица Симјановска и Александар Спасевски-родители |
| **Членови на ученичкиот парламент** | 31 ученик<br>Претседател Ѓорѓи Цветковски |
| **Ученички правобранител** | АњаРојчинова |

## 2.Податоци за условите за работа на основното училиште

### 2.1 Мапа на училиштето



## 2.2 Податоци за училишниот простор

Училишната зграда располага со функционални и други просторни услови за изведување на воспитно функционална дејност во училиштето

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Училишен двор** | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Бруто површина** | 5000м2 |
| **Нето површина** | 5000м2 |
| **Број на спортски терени** | 3 |
| **Број на катови** | 3 |
| **Број на училници** | 38 |
| **Број на помошни простории** | 5 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | централно греење |

## 2.3 Простор

| Просторија | Вкупен број | Површина | Состојба | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 38 | 1 140м2 | 4 | Има потреба за уште 2 училници |
| Кабинети | 6 | 96м2 | 4 | / |
| Библиотека | 1 | 40м2 | 3 | Има потреба за соодветна просторија |
| Медијатека | / | / | / | Има потреба за просторија |
| Читална | / | / | / | |
| Спортска сала | 1 | 270м2 | 4 | Има потреба за уште една сала |
| Канцеларии | 7 | 112м2 | 5 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Училишен двор | 1 | 10 000м2 | 3 | Треба да се преуреди |
| Заеднички простор за прослави | / | / | / | Има потреба за соодветна просторија |
| Кујна | 1 | 50м2 | 4 | / |
| Трпезарија | 1 | 50м2 | 4 | / |
| друго | | | | |

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2020/2021год. е усвоена на 09.09.2020год.согласно законските одредби. Годишните перспективни и тематските процесни планирања наставниците ги изработија и предадоа навреме а, дневните подготовки ги изготвуваат редовно и според дадените упатства од советниците на БРО. – може да се тргне
При планирање и реализација на наставните содржини наставниците се водеа од дадените насоки и препораки од БРО и МОН, како и од упатството за реализација на скратените наставни програми во основно и средно образование и упатството за реализација на наставата по изборните предмети во основното образование.
За потребите на далечинското учење наставниците користеа Microsoft Teams и Националната платформа.
Првото полугодие од учебната 2020/2021 год. започна на 01.10.2020 год.
со прием на првачињата , а заврши на 30.12.2020 год.согласно со календарот за организација на работата во учебната 2020/21 год.
Со цел да се намали ризикот од ширење на корона вирусот (КОВИД-19), училиштето ја организираше наставата согласно Планот и протоколите за одржување настава.
Денот на училиштето беше свечено одбележан на 26.10.2020год. со културни и образовни активности преку онлајн презентација .
Во првото полугодие се реализирани 62 работни денови. Предвидените наставни содржини за овој период се целосно реализирани.
Имајќи ја предвид новонастанатата ситуација и начинот на одржување на наставата, согласно со законските прописи и статутот на училиштето, преку темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето се реализирање на програмата за работа и поставените приоритети за оваа учебна година се реализирани следните активности:
-планирање и ангажирање околу спроведувањето на промени заради подобрување на условите за работа и квалитетот на наставата
-интензивна соработка со МОН (одржување онлајн состаноци организирани од страна на Министерот за образование и наука)
-интензивна соработка со Општина Гази Баба (вклучување во одбележување на различни манифестации Ден на општината, Хуманитарни акции....)
-соработка со БРО
-соработка со други училишта
Во изминатиов период се работеше на подобрување на материјално техничките услови за работа и одржување на постоечките ресурси и притоа се реализираа следните активности:
-поставен е оптички интернет за непречено реализирање на онлајн наставата
-спроведено е инсталирање на интернет кабел во кабинети каде што немаше
-извршена е замена на дотраени врати на училници каде што имаше потреба
-извршена е реконструкција на фронталниот ѕид на библиотеката (направен од ламперија) со гипс
-направена е нова канцеларија за наставниците по физичко и здравствено образование во склоп на фискултурната сала
-заграден е дел од надворешниот простор со плексиглас
-исчистен е покривот и олуците
-набавен е нов електричен бокал за загревање на вода за потребите на кујната
-набавени се 2 телевизори за потребите на дневен претстој
-набавени се 3 нови столчиња за канцеларии

-набавени се 60 персонални компјутери наменети за наставниот кадар и стручните соработници

Во текот на ова полугодие извршени се увиди во работењето на училиштето од страна на одговорните инспектори од Државниот просветен инспекторат при што е констатирана доследност во реализирањето на наставните програми и извршувањето на законските одредби на ниво на сите сегменти на работењето на училиштето.

## 3.Податоци за наставниот, стручниот и раководниот кадар и учениците

**Преглед на наставниот кадар на крајот на првото полугодие во учебната 2020/21година**

| Наставен кадар по наставни јазици | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф | настав | учит | неоф орм. образ | се | проф | настав | учит | неоф орм. образ | се | |
| Македонски | **28** | **2** | | | **30** | **23** | **3** | | | **25** | **56** |
| Албански | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **28** | **2** | | | **30** | **23** | **3** | | | **25** | **56** |

**Преглед на раководниот и стручниот кадар на крајот на првото полугодие во учебната 2020/21година**

| Работно место | Завршено образование | | Вкупно работен стаж | Работно искуство како директор, педагог, психолог, дефектолог, библиотекар |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВС | | |
| Директор | **1** | | **38** | **6м** |
| Педагог | **1** | | **14** | **11** |
| Психолог | **1** | | **35** | **35** |
| Дефектолог | **1** | | **28** | **9** |
| Библиотекар | **1** | | **3** | **3** |

**Преглед на учениците кои се испишани од училиштето во првото полугодие во учебната 2020/21година**

| Одделение / наставен јазик | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски | **2** | **2** | **5** | **/** | **2** | **1** | **1** | **2** | **/** |
| Албански | | | | | | | | | |
| Турски/Српски | | | | | | | | | |

**Изостаноци**

**на учениците на крајот на првото полугодие во учебната 2020/21година**

| Наставен јазик | Оддел. Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Оправд. | 63 | 153 | 69 | 121 | 45 | 147 | 41 | 199 | 11 | **849** |
| | Неоправ | 0 | 0 | 0 | 84 | 0 | 0 | 0 | 115 | 0 | **199** |
| | Вкупно | **63** | **153** | **69** | **205** | **45** | **147** | **41** | **314** | **11** | **1048** |
| Албански јазик | Оправд. | | | | | | | | | | |
| | Неоправ | | | | | | | | | | |
| | Вкупно | | | | | | | | | | |
| Турски јазик / Српски јазик | Оправд. | | | | | | | | | | |
| | Неоправ | | | | | | | | | | |
| | Вкупно | | | | | | | | | | |

**Преглед на поведението на учениците на крајот на првото полугодие во учебната 2020/21година**

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | **89** | **100** | **96** | **98** | **107** | **82** | **90** | **86** | **88** | **836** |
| Добро | | | | | | | | | | |
| Незадовол. | | | | | | | | | | |

**Преглед на бројот на учениците со продолжен престој во училиштето**

| Наставен јазик | Целодневен престој | | | Дневен престој | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Групи | Ученици | Наставници | Групи | Ученици | Наставници |
| Македонски | **9** | **256** | **18** | | | |
| Албански | | | | | | |
| Турски/ Српски | | | | | | |

**Преглед на бројот на ученици кои користат храна во првото полугодие во учебната 2020/21година**

| Наставен јазик | Исхрана во училишната кујна | Друг вид на организирана исхрана | Самоиницијативно од учениците |
|---|---|---|---|
| Македонски | **/** | **/** | **/** |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

*Поради пандемијата од КОВИД 19 согласно протоколите учениците не посетуваа дневен престој и не се хранеа во училишнта кујна.

**Преглед на бројот на учениците на крајот на првото полугодие во учебната 2020/21година**

| Одделение | Македонски јазик | | Албански јазик | | Турски јазик | | Српски јазик | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж |
| I | 89 | 51 | | | | | | | 89 | 51 |
| II | 100 | 42 | | | | | | | 100 | 42 |
| III | 96 | 48 | | | | | | | 96 | 48 |
| IV | 98 | 47 | | | | | | | 98 | 47 |
| V | 107 | 55 | | | | | | | 107 | 55 |
| **I-V** | **490** | **243** | | | | | | | **490** | **243** |
| VI | 82 | 39 | | | | | | | 82 | 39 |
| VII | 90 | 46 | | | | | | | 90 | 46 |
| VIII | 86 | 38 | | | | | | | 86 | 38 |
| IX | 88 | 50 | | | | | | | 88 | 50 |
| **VI-IX** | **346** | **173** | | | | | | | **346** | **173** |
| **I-IX** | **836** | **416** | | | | | | | **836** | **416** |

**Преглед на вкупниот број запишани ученици и паралелки на крајот на првото полугодие од учебната 2020/21 година**

| Училишта | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | | **II** | | **III** | | **IV** | | **V** | | **I-V** | | **VI** | | **VII** | | **VIII** | | **IX** | | **V-IX** | | **I-IX** | |
| | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр |
| Централ-ни **I-IX** | **89** | **3** | **100** | **4** | **96** | **4** | **98** | **4** | **107** | **4** | **490** | **19** | **82** | **3** | **90** | **4** | **86** | **4** | **88** | **4** | **346** | **15** | **836** | **34** |
| Подрачни | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **89** | **3** | **100** | **4** | **96** | **4** | **98** | **4** | **107** | **4** | **490** | **19** | **82** | **3** | **90** | **4** | **86** | **4** | **88** | **4** | **346** | **15** | **836** | **34** |

## 4.Преглед на општиот успех на учениците на крајот на првото полугодие во учебната 2020/21 година

| Одд. | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | | | Со 1сл. | | со 2 сл | | со 3 и повеќе слаби | | Неоцени | Описно оценети | |
| | се | ж | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | Бр | % | бр. | % | бр | % | бр | % | Бр | Вк | / |
| I | 89 | 51 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 89 | / |
| II | 100 | 42 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 100 | / |
| III | 96 | 48 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 96 | / |
| IV | 98 | 47 | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 97 | / |
| V | 107 | 55 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 107 | / |
| I-V | 490 | 243 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 490 | / |
| VI | 82 | 39 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 82 | / |
| VII | 90 | 46 | 54 | 60,00 | 30 | 33,33 | 6 | 6,67 | / | / | 90 | 100 | | | | | | | | | 4,43 |
| VIII | 86 | 38 | 48 | 55,81 | 21 | 24,42 | 12 | 13,95 | / | / | 81 | 94,19 | 5 | 5,81 | | | | | | | 4,25 |
| IX | 88 | 50 | 48 | 54,55 | 28 | 31,82 | 10 | 11,36 | 2 | 2,27 | 88 | 100 | | | | | | | | | 4,36 |
| VII-IX | 346 | 173 | 150 | 57,91 | 79 | 30,50 | 28 | 10,81 | 2 | 0,77 | 254 | 98,07 | 5 | 1,93 | | | | | | | 4,35 |
| I – IX | 836 | 416 | 150 | 57,91 | 79 | 30,50 | 28 | 10,81 | 2 | 0,77 | 254 | 98,07 | 5 | 1,93 | | | | | | | 4,35 |

**Споредба на средниот успех на учениците со предходните две учебни години**

| Учебна година | 2018/2019год | 2019/2020год | 2020/2021год |
|---|---|---|---|
| **Успех** | **4,25** | **4,14** | **4,35** |

## 5.Професионален развој на наставниците и стручните соработници

**Посетени обуки, семинари и работилници во првото полугодие од учебната 2020-21 година, согласно училишната програма за професионален развој на ООУ,,Стив Наумов”- Скопје**

-Обука „ Основни дигитални алатки за онлајн настава – Edmodo, Quizizz и Zoom“, одржана од Перо Сарџоски, директор за настава, Пегасус ЕЛС, сертифициран обучувач за Едмодо, посетена од директорот, стручните соработници и сите одделенски и предметни наставници во училиштето (21.08 – 07.09. 2020 г.);
-Обука / онлајн курс на тема „ Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење “, во организација на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, следена од директорот, стручните соработници и сите одделенски и предметни наставници во училиштето (септември 2020 г.);
-Обука на училишните обучувачи за користење на НПДУ, во организација на Министерството за образование, на која присуствуваа четворица наставници од училиштето, (17-19 .09.2020 г.);
-Обука на наставници за користење на НПДУ, реализирана од училишните обучувачи, на која присуствуваа сите одделенски и предметни наставници, директорот и стручните соработници (21-23.09.2020 г.);
-ЕДУИНО вебинари:,**„**Добри практики за спроведување на онлајн час**”,** „Оформување на персонализирани учебни патеки за учениците“, ,,Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта”, ,,Користење на алатката Onenote, совети и добри практики”, ,,Практични совети и добри практики во користење на Microsoft Teams”, ,,Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams”, реализирани од реномирани експерти и наставници, следени од одделенски и предметни наставници, директорот и стручните соработници, (октомври – декември 2020 г.).
-Предавање на тема ,, Развивање критичко мислење кај учениците”, одржано од училишниот психолог Софија Цветановска и училишниот педагог Биљана Василевска, посетено од директорот, стручните соработници и сите одделенски и предметни наставници во училиштето (18.01. 2021 г.);

## 6.Извештаи од проекти кои се спроведуваат во училиштето

Активностите предвидени со програмата на проектот за **“Меѓуетничка интеграција во образованието“** ова полугодие, поради Ковид - пандемијата, се реализираа во рамките на редовните часови и часовите на одделенската заедница. Наставниците во онлајн наставата интегрираа содржини преку кои се развива мултикултурен сензибилитет кај учениците. Се реализира континуирана комуникација меѓу сите училишни структури и сите заеднички учествуваат во ревидирање и прилагодување на стратегиите за развој на МИО.
Воедно, годинава продолжи соработката со уште десет други училишта од Општината. Училиштето активно се вклучи во проектот „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“, кој се реализира по насока на МЦГО и преставници од Секторите на Министерството за образование и наука и Одделението за јавни дејности при Општина Гази Баба.
Беше изработен акциски план кој опфаќа четири долготрајни активности:
Онлајн квиз - натпревар на знаења;
Ученички парламент;
Изработка на заедничка интернет-страна за афирмација на сите активности кои се од мултиетнички карактер меѓу учениците во Општината;
Изработка и изложба на макети на народни носии на сите етникуми кои живеат во општината.
Сите активности се насочени кон остварување на главната цел -учениците да ги продлабочат своите компетенции кои им се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество, почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу ученици од различни националности, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите.

Училишен тим за меѓуетничка интеграција во образованието

Во текот на првото полугодие беа спроведени сите планирани активности во рамки на проектот од **Еразмус + КА2 -КА201 програмата** (Стратегиски партнерства за поддршка на иновации во училишно образование) - **PREDICT.** Главната цел на проектот е да се развијат нови наставни програми, методологии за образование, веб апликации и игри за обука на деца, млади и лица со посебни потреби, при тоа овозможувајќи инклузивен пристап и едукација на деца, млади и лица со попреченост во спречување на природни катастрофи, како и инкорпорирање на знаење за ризици од катастрофи во формалното и неформалното образование, преку создавање нов пристап во обука на овие лица. Координатор на проектот е Воената академија „Михајло Апостолски“-Скопје, а партнер организации се: Државното училиште центар за образование и рехабилитација на лица со оштетен слух „Партенија Зогравски“-Скопје, Glavna direktsia pojarna bezopasnost i zashtita na naselenieto, Republic of Bulgaria и Asociation IT solutions for all, Non-governmental organisation/association, Spain. На 26 Ноември 2020год. во Скопје беше одржана и дисеминација на резултатите од првиот квартал на проектот.

Координатори на проектот: м-р Александар Каровски и Билјана Теовска

Содржините и активностите предвидени со програмата на проектот за **“Еколошка едукација во македонскиот образовен систем “**во текот на првото полгодие од оваа учебна година, поради Ковид - пандемијата, се реализираа најмногу во рамките на редовните часови .
Во учебната 2020-2021 година најпрво беше изготвена Програма за работа и усвоен Акционен план на активности според дадените еко стандарди и одбраните точки на акција.
Сите наставници од одделенска и предметна настава ги интегрираа планираните содржини во годишните програми за работа согласно дадените стандарди и избраните точки на акција во училиштето од темите: вода, енергија, уреден двор, отпад, транспорт.
На почетокот на учебната година Еко одборот беше проширен со нови членови од редот на учениците со што се придонесе за поуспешна работа и реализација на планираните активности. Еко одборот редовно одржуваше состаноци за кординирање на активностите и случувањата во училиштето за што беа информирани сите ученици, особено за собирните акции на материјали за рециклирање, како пластични шишиња, електронски отпад и батерии ...
Во текот на ова полугодие беа направени неколку реконструкции и мали поправки за подобрување на материјално техничките услови за работа во училиштето кои воедно влијаат и на подобрување на животната средина и хигиена за работа во училиштето.
За да се спроведе наставата со физичко присуство во времето на пандемија, во нашето училиште се обезбедија услови согласно утврдените протоколи. На сите видни места беа поставени упатства за одржување на хигиената, беа поставени пунктови за дезинфекција. Учениците од секој ходник влегуваа од различен влез. Пред секој влез имаше поставено сунгер за дезинфекција на чевлите. При влез на учениците во училиштето, дежурниот наставник им ја мереше темпратурта и според ознаките за движење се упатуваа во својата училница. За да се избегне групирање во тоалетите паралелките излегуваа скалесто. На секој одмор се вршеше дезинфекција на тоалетите и ходниците, а по завршување на наставата и во училниците.
Сите преземени активности во овој период беа достапни за учениците преку Еко информаторот и преку истакнување на прикладни пароли , закачени на видни места во училиштето или усно пренесени на учениците.
Со цел да се обезбеди здрава вода за здрав живот на учениците од нашето училиште општината во соработка со фирмата „Бентен Пан“ДОО-увоз-извоз Скопје, во периодот од 28-29.12.2020 год. во холот на училиштето, достапно за сите ученици, инсталираа чешми со филтри за прочистување од кои учениците ќе можат да пијат здрава, прочистена вода.
И покрај условите во кои се изведуваше наставата во време на пандемија сепак беа реализирани следниве активности:
-Собирање на пластични капачиња;
-Собирање на потрошени батерии(акција на „ЕЛКОЛЕКТ-Биди суперхерој“-3);
-Собирање на пластични шишиња;
-Собирање на електронски отпад

Координатор
м-р Марина Грамова

Проектот **„Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“** има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување.
Од планираните активности за овој период реализирани се следните:
-Испитување на предзнаењата на учениците за корупција и антикорупција;
-Одржани се работилници за :стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција, форми на корупција и причини за нејзино појавување, механизми за спречување на корупцијата, корупција и човекови права - активна борба против корупцијата;
-Драматизација на тема: “Стоп за корупцијата“-изработка на постери со ученици од осмо одд.
-Предавање на тема Причини и последици од корупцијата

Координатори:Лилјана Стефановска, Александар Каровски

## 7. Извештаи за работата на стручните активи

Во текот на првото полугодие од учебната 2020/2021год.**Стручниот актив на одделенска настава** одржа состаноци кои се записнички евидентирани .Според предвидената програма тековно се одржаа нагледни часови и стручни предавања,состаноци на кои беа проследени сите информации,новини,укажувања барања, напатствија, насоки од МОН и БРО.

На ден 29.06.2020 год.понеделник се одржа он лајн состанок на стручниот актив на одделенска настава со следниот дневен ред
-Избор на приоритети за учебната 2020-2021 год.
-Изготвување на програма за работата на стручниот актив на одделенска настава за учебната 2020-2021 год.
-Тековни прашања
На ден 19.08.2020 год. среда во трпезаријата (поради дистанца од 2 м) на училиштето се одржа состанок со одделенските наставници од I – III одд и во училницата по хемија со одделенските наставници од IV и V одделение со следниот дневен ред
-Утврдување на насоките од МОН и Комисијата за заразни болести за реализирање на наставата од I-III одделение
-Утврдување и симулација на изготвените протоколи на училиштето при влез,излез и одвивање на наставата со физичко присуство
-Утврдување на начинот на реализирање на наставата од далечина
-Дискусија за протоколот со задолженија на наставниците,работните обврски и начинот на реализирање
-Планирање и реализирање на воннаставните активности врз основа на новата Концепција за воннаставни активности во основното образование 2020 изготвена од БРО
-Тековни прашања
На ден 09.10.2020 год петок се одржа состанок на стручниот актив на одделенска настава со следниот дневен ред

-Организирање дежурства и смени на наставниците согласно протоколите за работа
-Насоки за пополнување на педагошка евиденција и документација
-Водење на професионално досие на наставниците / стручните соработници
-Тековни прашања
 На ден 11 .12.2020 год.,петок , се одража нагледен час на Стручен актив на одделенска настава,во IV в одд. .
наставна содржина **:** Посета на Народна Банка (вна)
реализатор**:** Ана Ристовска одделенски наставник
Цел: Развивање на претприемнички вештини и збогатување на финансиската писменост
Очекувани резултати **:**Стекнување знаења за функционирањето на финансискиот систем на државно ниво
На ден 14 .12.2020 год.понеделник, се одража нагледен час на Стручен актив на одделенска настава, во III а одд.
наставна содржина **:** Развивање на емоционална интелигенција и вештини за социо-емоционален развој
реализатор**:** Апостолова Сузана и Басотова Слободанка одделенски наставници
Цел: Поттикнување на емоционалната интелигенција во рамки на социјално-општествениот живот
Очекувани резултати**:** Континуирано социо-емоционлно созревање и чувство на припадност,како дел од цело.Воочени разлики кои кохезираат во целина

На ден 18.01.2020 год. понеделник во времетраење од 1 часа беше реализирано предавање на тема **„** Развивање критичко мислење кај учениците**”.**
реализатор **:** училишниот психолог Софија Цветановска и училишниот педагог Биљана Василевска.
Цел **:** Наставниците да ги поттикнуваат учениците критички да размислуваат, решаваат проблеми (да поставуваат прашања, да дебатираат, да дискутираат и вреднуваат и да анализираат користејќи аргументи и факти)
Очекувани резултати**:** Поставување прашања од страна на наствниците кои провоцираат посложени мисловни процеси кај учениците и помагаат при поставување хипотези, обработка на информации и решавање проблеми

Одговорен наставник

Анета Младеновска

**Поугодишен извештај за работа на стручниот актив на природно-математичката група предмети**

Стручниот актив на природно-математичката група предмети работеше и одржуваше состаноци согласно годишната програма на стручните активи за учебната 2020/2021 год. во која се предвидени активности, како и оние кои се наметнаа како неопходни да бидат реализирани..
Реализирани активности за прво полугодие:

| **Датум** | **Реализатор** | **Содржина** |
| --- | --- | --- |
| 26.06.2020 | Члeновите на стручниот актив | - Избор на претседател на стручниот актив за учебната 2020/2021 |
| 29.06.2020 | Члeновите на стручниот актив | -Избор на приоритети за учебната 2020-2021 год.<br>-Запознавање со новата форма на годишната програма за работата на основните училишта<br>-Изготвување на програма за работата на стручниот актив на општествено-јазичната група предмети 2020-2021 год. |
| 3.07.2020 | Члeновите на стручниот актив | -Запознавање со финалната форма на програма за работата на стручниот актив на општествено-јазичната група предмети 2020-2021 год.<br>-Запознавање со новата Концепција за вонннаставни активности од БРО |
| 08.07. 2020 | Члeновите на стручниот актив | -Согледување на потребни нагледни средства за општествено-јазичната група предмети |
| септември | Елизабета Јовановска одговорен наставник за ЕМИС | Тековни консултации<br>-Проверка на податоците во Националната платформа за учење на далечина |
| октомври | Члeновите на стручниот актив | Тековни консултации<br>-Подготовка на прашања за советничката поврзани со Концептот за развивање систем за образование од далечина во основните училишта |
| октомври | Педагошко-психолошка служба и сите наставници | Тековни консултации<br>- Информации за новата форма и начинот на водење на професионалното досие |
| 07.12.2020 | Даниела Денковска наставник по биологија | -Составни делови на избалансирана храна – нагледен час во 8 одделение |
| 10.12.2020 | Билјана Ристоска наставник по физика | -Намалување на топлинска загуба (материјали за изолација) –нагледен час во 9 одделение |

| | | |
|---|---|---|
| 18.01.2021 | Софија Цветановска, училиштен психолог Биљана Василевска, училиштен педагог , | -,,Развивање критичко мислење кај учениците”, предавање |

Во сите активности учествуваа сите членови на стручниот актив на природно-математичката група предмети, како и стручните соработници, психолог, педагог и директорот на училишето.
После секоја одржана активност, присутните разменуваа мислења, искажуваа свои ставови и донесуваа креативни заклучоци.

Одговорен наставник: Олгица Ристовска

**Полугодишен извештај за работа на стручниот актив на општествено-јазична група предмети**

Стручниот актив на општествено-јазичната група предмети работеше и одржуваше состаноци согласно годишната програма на стручните активи за учебната 2020/2021 год. во која се предвидени активности, како и оние кои се наметнаа како неопходни да бидат реализирани..
Реализирани активности за прво полугодие:

| Датум | Реализатор | Содржина |
|---|---|---|
| 26.06.2020 | Членовите на стручниот актив | - Избор на претседател на стручниот актив за учебната 2020/2021 |
| 29.06.2020 | Членовите на стручниот актив | -Избор на приоритети за учебната 2020-2021 год.<br>-Запознавање со новата форма на годишната програма за работата на основните училишта<br>-Изготвување на програма за работата на стручниот актив на општествено-јазичната група предмети 2020-2021 год. |
| 3.07.2020 | Членовите на стручниот актив | -Запознавање со финалната форма на програма за работата на стручниот актив на општествено-јазичната група предмети 2020-2021 год.<br>-Запознавање со новата Концепција за вонаставни активности од БРО |
| 08.07. 2020 | Членовите на стручниот актив | -Согледување на потребни нагледни средства за општествено-јазичната група предмети |

| | | |
|---|---|---|
| септември | Елизабета Јовановска одговорен наставник за ЕМИС | Тековни консултации<br>-Проверка на податоците во Националната платформа за учење на далечина |
| октомври | Членовите на стручниот актив | Тековни консултации<br>-Подготовка на прашања за советничката поврзани со Концептот за развивање систем за образование од далечина во основните училишта |
| октомври | Педагошко-психолошка служба и сите наставници | Тековни консултации<br>-Информации за новата форма и начинот на водење на професионалното досие |
| 17.11.2020 | Татјана Арсова наставник по англиски јазик | -Описни придавки (луѓе, чувства), Вил Смит,Толкување на биографија според техниките на критичко размислување – Шест шапки – нагледен час во 9 одделение |
| ноември | Членовите на стручниот актив | Тековни консултации<br>- Информации за снимање часови за Едуино |
| 01.12.2020 | Даниела Ристеска наставник по етика во религиите | -Етичката заснованост на Православното Христијанство, Правила за добро однесување со другите во заедницата - нагледен час во 6 одделение |
| 18.01.2021 | Софија Цветановска, училиштен психолог Биљана Василевска, училиштен педагог , | -,,Развивање критичко мислење кај учениците”, предавање |

Во сите активности учествуваа сите членови на стручниот актив на општествено-јазичната група предмети, како и стручните соработници, психолог, педагог и директорот на училишето.

После секоја одржана активност, присутните разменуваа мислења, искажуваа свои ставови и донесуваа креативни заклучоци.

14.01.2021, Скопје

Одговорен наставник
Татјана Арсова

## 8.Работа на стручните органи и тела

**Одделенските совети** делуваа во следните подрачја:

-Избор на учебници според укажувањата на МОН;
-Уредување на просторот во училиштето;
-Изготвување на програми за дополнителна, додатна настава и воннаставни активности;
-Изготвување распоред за одржување часови за дополнителна и додатна настава ( предметна настава);
-Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците;
-Реализација на наставните содржини по предмети;
-Водење педагошка евиденција и документација
-Надминување на проблемите на учениците со адаптација, потешкотии во учењето и емоционална и социјална неприлагоденост;
-Професионален развој на наставниците и стручните соработници (посета на обуки, вебинари, конференции...)
-Унапредување на соработката со родителите

**Наставнички совет**

Во текот на првото полугодие на учебната 2020/2021 година се одржаа повеќе седници на кои се решаваа повеќе прашања како:

-Се разгледа и усвои Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2020/2021 год;
-Организација на воспитно-образовниот процес ( распределба на часови , одделенски раководства, организација на просторот во училиштето, распоред за дополнителна и додатна настава, дадени се мислења од менторите за наставниците –приправници кои го завршија приправничкиот стаж и назначени се ментори за работа со наставници-приправници );
-Организирање на наставата согласно дадените протоколи, планови и упатства од МОН и БРО за работа во услови на пандемија од КОВИД 19;
-Разгледување и усвојување на интерните протоколи за работа на училиштето во услови на пандемија од КОВИД 19;
-Се усвои програмата за изведување екскурзии;
-Организација на активности по повод одбележување на Денот на училиштето;
-Континуирано се информираше Наставничкиот совет за планираните и реализираните активности во рамките на проектите: “Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилно однесување” и „Да ги земеме правата во наши раце“,“ Еколошка едукација во македонскиот образовен систем“ и “Меѓуетничка интеграција во образовниот систем“;
-Формирани се повеќе комисии ( за преглед на водење на педагошка евиденција и документација , за изведување екскурзии, комисија за спроведување на СЕУ 2022год, пописна комисија, комисија за уништување педагошка документација ...);
-Се разгледуваа извештаите и анализата за успехот и поведението на училиштето во првото тримесечие и првото полугодие од учебната 2020/21год.;

-Се разгледа споредбената анализа на трендот на постигањата на учениците на крајот на учебните 2017/8, 2018/19 и 2019/20год.;
-Беше разгледана анализата и извештајот од посетените часови (online преку Microsoft Teams) и евалуацијата на дневните подготовки со констатации и дадени насоки;

**Полугодишен извештај за работата на Училишниот одбор**

Одлуки и активности на Училишниот одбор донесени согласно законските права и надлежности:
-Усвојување на годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2019/2020 година и донесување одлука;
-Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на ООУ ,,Стив Наумов" за учебната 2020/2021 година
-Усвојување на Анексот на Развојниот план на училиштето 2018-2022
-Одлука за формирање на еко одбор;
-Одлука за исплата на средства за изготвување и одржување на распоред на часови;касов лимит, средства за телефон за директор и секретар,
-Измена на планот за јавни набавки;
-Разгледување и усвојување на анексот на Годишната програма;
-Формирање на комисија за спроведување на самоевалуација за 2020-2022г.;
-Давање мислење за вработување на наставници на определено време;
-Информирање на членовите на УО за добиена донација од 44 таблети за учениците од страна на о.Гази Баба и давање позитивно мислење за истата
-Изгласување на пописна комисија и донесување одлука за отпочнување на попис за 2020год.

Претседател на УО: Билјана Теовска

**Полугодишен извештај за работата на Советот на родители**

Во текот на првото полугодие на учебната 2020/2021 година Советот на родители се одржаа повеќе седници со следниве содржини:
-Разгледување и давање мислење за годишната програма за работа на училиштето во учебната 2020/21год.;
-Избор на претседател на Совет на родители (со тајно гласање);
-Запознавање и кооптирање на членовите на Советот на родители;
-Запознавање и усвојување на годишната програма за работа на Советот на родители за учебната 2020/21год.;
-Запознавање со извештајот за успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие и првото плугодие од страна на директорот;
-Избор на членови за комисиите кој ќе избираат агенција за осигурување, за организација на екскурзии, како и комисија за надзор на квалитет на храната;
-Испратени барања до директорот, градоначалникот и Советот на Општина Гази Баба за обележување на хоризонтална сообраќајна сигнализација околу училиштето;

-Организирање хуманитарни акции за помош на деца во социјален ризик;
-Следење на почитување на протоколите при реализација на наставата за учениците со физичко присуство

Претседател на совет на родители
Димитар Проданов

## 9.Извештај за работата на директорот и стручните соработници

### Полугодишен извештај за работата на директорот

Директорот на училиштето има утврдени задачи со Законот за основнообразование, подзаконски акти, статутот и другите општи акти во училиштето. Извештајот за работа на директорот во основното училиште освен вообичаените задачи кои произлегуваат од сите сфери на непосредниo твоспитно образовен процес, опфаќа и голем бро јработи кои произлегуваат од динамиката на воспитно образовниот процес и се појавуваат секоја учебна година.
Основна задача на директорот е одговорност за законското работење на цело училиште
Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на директорот, од предвидените активности во првото полугодие реализирани се следните активности :
**I подрачје : Водство**

- Влијание на вработените во училиштето да ги претставуваат прифатените вредности во училиштето во опкружувањето и пошироко
- Избирање на стилови на водство и примена согласно ситуацијата и почитување на протоколите за работа
- Вложување во развојот на идентификуваните водачи, формирање тимови, давање ресурси и слобода за дејствување
- Остварување континуирана соработка со стручните органи и тела во училиштето
- Воспоставување механизми за поддршка на наставниците и учениците со што се придонесува за нивни високи постигања
- Превземање активности за одржување на постојано поттикнувачка атмосфера и градење позитивна клима на прифаќање и почитување на сите
- Воспоставување на систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени вклучувајќи ги и учениците со ПОП

- Воспоставување процедури што обезбедуваат култура на транспарентност и одговорност
- Поставување високи и достижни очекувања од учениците и вработените
- Воспоставување хоризонтална и вертикална соработка во сите стручни тела во училиштето
- Обезбедување принцип на ‘’ отворена врата’’ за соработка со наставниците, родителите, локалната заедница и бизнис сектор
- Обезбедување услови за реализација за активности од областа на инклузија , мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, екологија и др
- Информирање на локалната самоуправа за потребите на училиштето и обезбедување поддршка
- Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат училиштето и локалната заедница ( непогоди, епидемии, насилство и слично)
- Заедничка реализација на превентивни, хуманитарни и културни активности со локалната заедница
- Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето
- Соработка со институции надлежни за образованието- МОН, БРО, ДПИ , ДИЦ и др.
- Обезбедување услови за соработка со други училишта
- Реализација на планирани активности со родителите во одделни сегменти во воспитно ообразовниот процес
-

**IIподрачје :Раководење со човечки ресурси**

- Воспоставување и одржување јасен систем на комуникација во училиштето и средината
- Континуирано комуницирање со вработените, непосредно во писмена и во електронска форма
- Користење на различни видови и приоди во формална и неформална комуникација
- Применување на позитивен модел на комуникациски вештини со вработените
- Приспособување на начинот на комуникација за надминување на недоразбирањата
- Планирање на состаноците и навремено информирање на учесниците
- Конструктивно насочување на дискусиите за време на состаноците
- Градење стратегија за одржување на угледот на училиштето
- Градење јасен приод за надминување на конфликтите
- Учество во разрешување конфликти и градење добри меѓучовечки односи
- Водење на грижа при распределба на работните ангажмани на вработените
- Развивање на клима и култура кои го поддржуват вклучувањето на вработените во донесувањето одлуки, поставување цели и креирање промени

- Анализирање на ефективноста на сопственото работење и изготвување личен план за професионален развој
- Воспоставување систем за интерно стручно усовршување на вработените (предавања, работилници)
- Менаџирање со активностите предвидени во годишниот план за професионален развој
- Користење на различни инструменти за евалуација на работата
- Обезбедување стручен и компетентен кадар
- Континуирано следење на работата на сите вработени и обезбедување соодветна поддршка
- Препознавање и стимулирање на индивидуални постигнувања

**III подрачје :Педагошко раководење на училиштето**

- Изготвување на годишна програма за работа на училиштето во соработка со стручните соработници и наставниот кадар во училиштето
- Распределување на наставни предмети, претседатели на стручни активи, одговорни наставници на ученички организации и други стручни подрачја
- Изготвување распоред за часови, слободни ученички активности, додатна и дополнителна настава
- Изготвување на програма за работа на директорот
- Контрола и анализа на педагошката документација
- Градење систем за вклучување на предлозите на вработените во планирањето на работата на училиштето
- Иницирање и насочување активности за иновација во наставата
- Воспоставување процедури за планирање на наставата и на вонннаставните активности
- Подршка на наставниците при планирањето и одржувањето на наставата
- Изработка и користење инструменти за следење на наставата
- Следење наставни часови и давање повратни информации
- Следење на ефективноста од реализацијата на училишните планови и програми
- Поддршка на тимовите за изработка на самоевалуацијата
- Водење советодавно – инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите
- Обезбедување размена на добри практики на иновативна настава во рамките на училиштето и со други училишта вклучувајќи и користење на современо образовна технологија
- Обезбедување грижа од страна на сите во училиштето за физичката средина, изглед, хигиена и слично
- Обезбедување услови за безбедно опкружување и заштита на учениците од насилство и злоупотреба

- Учество во формирање инклузивни тимови
- Организирање и учество на состаноци, советувања, вебинари ...
- Создавање услови за вклучување на учениците во животот на училиштето и непречена работа на ученичките организации
- Континуирано следење на реализација на приоритети и проекти во училиштето

**IVподрачје :Финансиско раководење на училиштето**

- Пронаоѓање можни извори на дополнително финансирање и дополнителни средства за училиштето
- Обезбедување на материјални ресурси за непречено одвивање на наставата
- Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет
- Навремено исполнување на финансиските обврски
- Следење на постапките за реализирање на јавните набавки согласно законот
- Обезбедување услови за транспарентно усвојување на завршната сметка

**Vподрачје :Законито и административно работење на училиштето**

- Раководење на училиштето согласно законската регулатива
- Примена на стратешки и законски документи што се однесуваат на образованието во правец на развој на воспитно образовниот процес во училиштето
- Обезбедување услови за почитување на интерните акти и водење соодветна документација
- Обезбедување интерните акти и документи да бидат јасни и достапни на сите што ги користат во согласност со законот
- Обезбедување услови вработените да работат согласно описот на работните задачи и годишната програма за работа
- Обезбедување услови за соодветно управување со електронските бази на податоци
- Користење и поттикнување на вработените за користење на платформата за образование од далечина во наставата во секојдневната работа, како и во меѓусебна комуникација и во комуникација со родителите

- **Други активности**

Во изминатиов период постојано се работеше на подобрување на материјално техничките услови за работа и одржување на постоечките ресурси и притоа се реализираа следните активности:

- воведен е оптички интернет за  непречено реализирање на онлајн наставата
- спроведено е инсталирање на интернет кабел во кабинети каде што немаше
- извршена е замена на дотраени врати на училници каде што имаше потреба

- извршена е реконструкција на фронталниот ѕид на библиотеката (направен од ламперија) со гипс
- направена е нова канцеларија за наставниците по физичко и здравствено образование во склоп на филскултурната сала
- извршено е заградување на надворешниот простор со плексиглас
- исчистен е покривот и олуците
- набавен е нов електричен бокал за загревање на вода за потребите на кујната
- набавени се 2 телевизори за потребите на дневен претстој
- набавени се 3 нови столчиња за канцеларии
- набавени се 22 противпожарни апарати
- набавени се 60 персонални компјутери наменети за наставниот кадар и стручната служба

**Професионален и кариерен развој**

Посетени обуки, семинари, вебинари...:

-Основни дигитални алатки за онлајн настава - Edmodo, Quizizz и Zoom – обука

-Национална платформа за учење од далечина – интерна обука

-Подготовки за тестирањето ПИРЛС 2021 година – вебинар

-Положен англиски тест APTIS B2

-Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина – вебинар

в.д. директор
Елизабета Јовановска

**Полугодишен извештај за работата на педагогот**

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот , од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја:

**1. Работа со ученици**

-Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост

-Советодавна работа со ученици за надминување на на причините и проблемите при следење на наставата на далечина

-Давање помош и поддршка за вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности

-Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на инклузивниот тим
-Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања
-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница
- Одржано предавање на тема: “Техники за успешно учење ” со учениците од шесто одделение
- Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците

**2. Работа со наставници**
-Помош и поддршка во изготвување на годишните и тематскитеи дневните планирања за работа на наставниците
-Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата (форми, методи и техники) со цел унапредување на наставниот процес
-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со оценување на учениците
- Организирање и реализирање информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата
- Реализирано предавање на тема ,, Развивање критичко мислење кај учениците”
-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, ученик-наставник-родител.
-Поддршка и помош на наставниците во следењето на причините за потешкотиите и проблемите со кои се соочуваат учениците при реализација на наставата со физичко присуство и наставата на далечина, предлагање на стратегии за надминување на проблемите и следење на ефектите од превземените активности
-Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања како член на инклузивниот тим
-Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности , како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење
-Учество во работата на стручните активи
-Соработка и поддршка на стручните активи во училиштето за работа во услови на реализација на наставата на далечина
-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки, консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови ( часовите се посетени со физичко присуство и преку Microsoft Teams и Националната платформа).
-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница, во соработка со одговорните наставници
- Соработка со наставниците при реализирање на активности од проекти кои се спроведуваат во училиштето
-Презентирање на извештаите за успехот, редовноста, поведението, изречени педагошки мерки на наставничките совети на крај на прво тримесечие и прво полугодие
-Стручна помош на приправниците во секојдневната работа и полагањето на приправничкиот испит

-Давање помош за стручно усовршување на наставниците и нивно упатување за користење стручна литература
-Помош и поддршка на наставниците во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој
-Советодавна работа со наставниците при изготвување личен план за професионален развој
- Поддршка на наставниците при реализација на активности од проекти и програми кои се спроведуваат во училиштето
-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација
-Водење педагошки картон за работата на наставниците
-Водење на професионално досие на наставниците

**3. Работа со родители**
-Информирање на родителите, членови на Училишниот одбор и Советот на родители за работата на училиштето
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето , проблеми со редовноста и дисциплината
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби
-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми
-Соработка и поттикнување на родителите за вклучување во животот и работата на училиштето

**4. Соработка со заедницата**
-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно - образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Прва Детска амбасада Меѓаши, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на македонија СОС-Детско село Македонија,Советодавен центар за родители и деца Гази Баба, Институт за педагогија, детска градинка “Детска радост“, основни и средни училишта од општина ГазиБаба и град Скопје...)
-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;
-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

**5. Професионален развој и професионална соработка**
-Изготвување личен план за професионален развој;
-Соработка со УКИМ Филозофски факултет-Институт за педагогија
-Учество во проекти,вебинари, работилници, трибини, конференции...
-Присуство на обука на тема: ,,Основни дигитални алатки за онлајн настава-Edmodo, Quizizz и Zoom;
- Присуство на интерна обука за користење на Националната платформа за учење на далечина.
-Учество на вебинар на тема ,,Оформување на персонализирани учебни патеки за учениците”;
-Учество на вебинар на тема ,,Работа на стручната служба во средните училишта во услови на пандемија”;

-Учество на вебинар на тема ,,Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта";
-Учество на вебинар на тема ,,Поттикнување на учење преку игра и стекнување на социоемоционални вештини кај децата на возраст од 3 до 10години ";
-Учество на вебинар на тема ,,Практични совети и добри практики во користење на Microsoft Teams";
-Учество во размена на искуства преку активно учество во Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје "Современ педагог"
-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература
-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците
-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

-Изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на првото тримесечие и првото полугодие
-Изготвување извештаи од посетените часови во одделенска и предметна настава
-Споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците (крај на учебните 2017/18, 2018/19 и 2019/20г.)
-Анализа на постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава(учебни 2018/19 и 2019/20год.)

**7. Училишна структура, организација и клима**

-Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и изготвување брошура за родителите со податоци за работата на училиштето во учебната 2020/21г.
- Учество во планирање и организирање на воспитно- образовниот процес во училиштето во услови на пандемија од КОВИД -19
-Учество во изготвување програма на училишниот инклузивен тим
-Учество во изготвување програма за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии
-Учество во изготвување програма за превенција од насилно однесување во училиштето
-Учество во изготвување на програма за професионална ориентација на учениците
-Поддршка на одговорните наставници на стручните активи , ученичките организации и слободните ученички активности при изготвување на годишните програми за работа
-Учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет
-Учество во изработка на програма за професионален развој

-Учество во работа на проектот "Зајакнување на детските
капацитети за превенција од насилство" и "Да ги земеме правата во наши раце"
-Следење на работата од проектите" Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" и "Меѓуетничка интеграција во образованието"
-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар
-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови)
-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците
-Формирање паралелки за прво одделение согласно одредени критериуми(за целодневна и класична настава)
-Запознавање на одделенските наставници од прво одделение со карактеристиките /сознанијата добиени од опсервацијата при упис на децата во прво одделение
-Запишување нови ученици и нивно распределување во паралелки
-Следење на уписот на учениците во прва година средно образование
-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната,додатната и дополнителната настава
-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните
активности
-Учество во спроведување на самоевалуација на работата на училиштето
Следење на постапките на оценување на учениците
-Следење на успехот и редовноста на учениците
-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и
воннаставните активности
-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;
-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и
превенирање на случаи на дискриминација во училиштето

**8.Сопствена евиденција и документација**
-Изготвена годишна програма за сопствената работа;
-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани
активности и содржини
-Водење хронолошки дневник за работа
-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница
-Водење педагошки картон за работата на наставниците
-Водење професионално досие на наставниците
-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа

Педагог:
м-р Василевска Биљана

**Полугодишен извештај за работата на психологот**

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на психологот , од предвидените содржини и активности за овој период во кој наставата се одвиваше со физичко присуство за учениците од прво до трето одделение, а за сите други ученици со настава од далечина, реализирани се следните активности по подрачја:

**1.Работа со ученици**

-Советодавно педагошко - инструктивна работа со ранливите групи ученици со акцент на психо-социјална поддршка
(ученици со ниска самодоверба, со емоционални поштешкотии, како и со ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство);
-следење на нивното напредување по завршување на секој класификационен период;
-Индивидуално советување на учениците кои нередовно ја посетуваа наставата и несоодветно се однесуваа;
-Работа на заштита и превенција на менталното здравје на учениците во услови на пандемија во која се одвиваше наставата во текот на првото полугодие;
-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница (учество на онлајн состаноци)
-Советодавна работа со наставниците за откривање и работа со ученици со поголеми можности за напредување и развој и следење на нивните индивидуални постигања;
-Следење на постигањата, емоционалниот и социјалниот развој на учениците со посебни образовни потреби на крајот на класификационите периоди;
-Следење на прилагодувањето на учениците во прво и шесто одделение
преку комуникација со одделенските и предметните наставници

**2.Соработка со наставници**

-Помош и поддршка на наставниците во изготвување на годишните, тематските
и дневни подготовки согласно скратените наставни програми дадени од БРО
(помош при дефинирање на целите и исходите , консултација за примена на соодветни наставни форми и методи на часот, како и за примена на методите за формативно и сумативно оценување при следење и вреднување на знаењата на учениците);
-Посета на часови (декември 2020г.) преку националната платформа и Microsoft teams и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки;
-Консултативно советодавни разговори со наставниците по одржување на наставните часови;
-Педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на
личниот,социјалниот и емоционалниот развој на учениците;
-Помош на наставниците при изготвување објективни тестови на знаење и
нивно бодување и оценување;
-Презентирање на извештаите за успехот, редовноста, поведението, изречени
педагошки мерки на наставничките совети на крај на прво тримесечие и прво
полугодие (ноември 2020г. и јануари 2021г.);
-Помош и поддршка на одделенските раководители во изготвување и

спроведување на активности на одделенските часови од програмата "Образование за животни вештини";
-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Поддршка на наставниците при реализација на активности од проекти и програми кои се спроведуваат во училиштето;
-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација;
-Советодавно консултативна и инструктивна работа со наставниците ментори и приправниците во секојдневната работа и пред полагање на стручните испити (во изготвување на годишните, тематските и дневни планирања);
-Предавање-презентација пред членовите на трите стручни активи во училиштето на тема "Развивање на критичко мислење кај учениците"- јануари 2021г. ;
-Презентација на Наставнички совет на Споредбената анализа на трендовите на постигања на учениците на крајот на учебните 2017/18, 2018/18г.и , 2019/20г) – јануари 2021г. онлајн преку арликацијата Microsoft Teams;

**3.Соработка со родителите**

-Информирање на родителите, членови на Училишниот одбор и Советот на родители за работата на училиштето;
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето;
-Советување на родителите чии деца нередовно ја посетуваа наставата;
-Изготвување месечни и неделни планови за советување на родителите; (пополнување обрасци за работа, како и записници од советувањето);
-Остварени советодавно инструктивни разговори со родители кои имаа потреба од помош и поддршка со почитување на пропишаните безбедносни протоколи за работа на училиштето во услови на пандемијата од КОВИД19

**4.Соработка со заедницата**

-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Прва Детска амбасада Меѓаши, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на Македонија, Институт за психологија, детска градинка "Детска радост", основни и средни училишта од општина Гази Баба и град Скопје...);
-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности; - Соработка со Првата детска амбасада "Меѓаши"
-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

**5.Професионален развој и професионална соработка**

-Изготвување личен план за професионален развој;
-Соработка со УКИМ , институт за психологија
-Посетана "Обука на наставниците за користење на НПДУ, реализирана од училишните обучувачи, на која присуствуваа сите одделенски и предметни наставници, директорот и стручните соработници (21-23.09.2020 г.);
-Воспоставување редовна комуникакција и взаемна професионална поддршка со

училишните психолози од основните училишта на град Скопје
преку активно учество на состаноците (остварена online средба –декември 2020г.)
-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература;-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците;
-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес;
-Работа со приправник, стручен соработник психолог од ООУ“Дане Крапчев“ во улога на ментор

**6.Аналитичко истражувачка работа**
-Изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на првото тримесечие и првото полугодие;
-Изготвување извештаи од посетените часови во одделенска и предметна настава,(декември 2020год.) преку Националната платформа, односно Microsoft Teams.
-Споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците (крај на учебните 2017/18, 2018/18г.и , 2019/20г)
-Анализа на постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава (за учебните 2018/19 и 2019/20год.);
-Изготвување извештај од советувањето родители за потребите на Педагошката служба при МОН на крајот на првото полугодие

**7.Училишна структура, организација и клима**
-Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и изготвување брошура за родителите со податоци за работата на училиштето во учебната 2020/21год.;
-Учество во изготвување програма за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии;
-Учество во изготвување програма за превенција од насилно однесување во училиштето;
-Учество во изготвување на програма за професионална ориентација на учениците;
-Поддршка на одговорните наставници на стручните активи , ученичките организации и слободните ученички активности при изготвување на годишните програми за работа;
-Учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на Одделенските и Наставничките совети;
-Учество во изработка на програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници;
-Следење на работата од проектите“ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и “Меѓуетничка интеграција во образованието“;
-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар;

-Следење и вреднување на наставниот процес(посета на часови);
-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците;
-Формирање паралелки за прво одделение согласно одредени критериуми(за целодневна настава);
-Запишување нови ученици и нивно распределување во паралелки;
-Следење на уписот на учениците во прва година средно образование;
-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава;
-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности;
-Следење на постапките на оценување на учениците;
-Следење на успехот и редовноста на учениците;
-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности;
-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците;
-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;
-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање случаи на дискриминација во училиштето;

**8.Сопствена евиденција и документација**
-Изготвена годишна програма за сопствената работа;
-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини;
-Водење хронолошки дневник за работа;
-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница;
-Водење педагошки картон за работата на наставниците;
-Водење професионално досие на наставниците;
-Евиденција(пополнување обрасци) од советување родители и ученици;
-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа;
-Изготвен полугодишен извештај за сопствената работа во учебната 2020/21год.

Психолог:Софија Цветановска

**Полугодишен извештај за работата на дефектологот**

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на дефектологот, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните:

**1.Работа со ученици**
**-** идентификација, превенција, корекција и компензација на специфичните пречки во развојот на учениците од прво до трето одделение
- индивидуален корективно-стимулативен третман на ученици со дисфункции во когнитивното, сензо-моторното и социо-емоционалното функционирање

-континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби
-педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост
-учество во работата на училишниот инклузивен тим во својство на координатор
-изготвување на индивидуални образобни програми (тим за инклузија на ученик)
-следење на учениците во процесот на прилагодување на наставата на далечина и пружање на дополнителна стручна помош
-следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставно-образовниот процес при наставата на далечина
-следење на адаптацијата и напредокот на учениците со ПОП кои следат настава со образовни/лични асистенти во рамки на програмата за образовна асистенција
-следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети и пол
-учество во организација и реализација на низа работилници за ученици во рамки на проектите: „Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство“ и „Да ги земеме правата во наши раце“ во соработка со Првата детска амбасада „Меѓаши“ на теми: „Меѓуврсничко насилство во училиште“, „Заштита и превенција од насилство“, „Правата на децата и меѓуврсничка поддршка“(септември-декември ) реализирани преку Zoom платформата
-подигање на свеста кај младите за превенција од болести на зависност(дрога, никотизам, алкохолизам)- активности по повод Месецот на борба против болести на зависност -едукативно предавање тема „ХИВ/СИДА и сексуално преносливи болести“(ноември2020г.) преку ZOOM платформата
-одбележување на Неделата на забоздравствена заштита преку предавање за истата (декември2020г.)

**2.Работа со наставници**

-јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот, особено во процесот на наставата на далечина
-континуирана поддршка на наставниците при изготвување на индивидуалните образовни планови за учениците со ПОП(тим за инклузија на ученик)
-помош и поддршка во изготвување на годишните и тематските програми за работа на наставниците
-советодавно- консултативни средби со наставниците во врска со употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа
-ревидирање на целите и задачите предвидени со ИОП-от во соработка со наставниците и родителите
-давање инструкции при дефинирањето на воспитно-образовните цели, специфичните стратегии, методи, форми и техники на работа со учениците со ПОП
-учество во планирањето на неопходните методолошки адаптации при изведувањето на наставата за учениците со ПОП
-посета на часови со цел увид во степенот на социјализација и вклученост на учениците со ПОП во наставата, преку Националната платформа

**3.Работа со родители**

-советодавна работа и поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество во воспитно-образовниот процес преку вклучување во планирањето и поддршката на развојот

-давање стручни совети и насоки за лесно прилагодување на наставата на далечина, за работа во домашни услови и насоки за работа во текот на зимскиот распуст

-поддршка и консултации со родителите на учениците со ПОП кои од оваа учебна година имаат лични/образовни асистенти во рамки на Програмата за лична/образовна асистенција

-информирање на родителите на учениците со ПОП за активностите на УИ-вклучување на родителите во работата на УИТ/ТИУ

-соработка со Советот на родители во активности за прибирање материјални средства за ученици кои потекнуваат од семејства под социјален ризик

**4.Соработка со заедница**

-соработка со МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, СОС – Детско село Македонија, Институт за јавно здравје

-соработка со Црвениот Крст на град Скопје- „Клуб за превенција и едукација"

-спроведување собирна акција со членовите на Подмладокот на Црвениот крст за лекување на двајца ученици во странство(октомври/ноември2020г.)

-организирање на предавање за ученици на тема:„ХИВ/СИДА и сексуално преносливи болести" во соработка со Клубот на млади при општинската организација на Црвен крст-Гази Баба (ноември 2020г.)-преку ZOOM платформата

**5.Професионален развој и професионална соработка**

-изготвување на личен план за професионален развој(септември 2018г.)

-Работилница на тема ,,Супервизија на работа со резилиентен пристап и зајакнување на капацитетите на професионалците", во организација на Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши" (09.09.2020 год.);

**6.Аналитичко-истражувачка работа**

-изготвување анализи и извештаи за упехот и поведението на учениците по завршените класификациони периоди ( за прво тримесечие и прво полугодие)

-учество во изготвување на полугодишниот извештај за работата на училиштето

-изготвување на полугодишен извештај за сопствената работа

-изготвување на извештај за работата на Инклузивниот тим на училиштето

-изготвување на извештај за работата на Подмладокот на Црвениот Крст

-изготвување извештај за работата на Училишниот одбор

-изготвување на извештаи од посетени обуки, предавања, презентации,...

**7.Училишна структура, организација и клима**

-учество во изготвување на годишната програма за работа на училиштето во учебната 2020-21г.

-изготвување на годишна програма за сопствената работа

-изготвување месечни оперативни програми за сопствената работа со конкретизирани активности

-изготвување програма за работа на ПЦК во училиштето (одговорен )

-изготвување Програма за откривање и грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и семејства под социјален ризик (одговорен )
-изготвување на развојни програми за корективно-стимулативна работа со учениците кои имаат сензорни или психо-физички пречки
-учество во изготвување програми за: инклузивниот тим на училиштето, професионален развој на наставниците, план за развој на училиштето, програма за општествено хуманитарна работа, грижа за здравјето на учениците, програми за работа со надарени и деца со потешкотии во учењето...
-учество при изготвување/ревидирање на интерен Правилник за пофалби, награди и изрекување на педагошки мерки на учениците
-учество во изработка на брошура- информатор за родителите за работата на училиштето
-учество во спроведување активности за Самоевалуација на работата на училиштето 2020-22год.
-учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет
-учество во работата на Училишниот одбор во својство на Претседател

**8.Педагошка евиденција и документација**
-годишна програма за работа на дефектологот
-месечни-оперативни планови за работа
-хронолошки дневник за работа
-водење на портфолио за учениците со ПОП
-евиденција за соработка со наставници и родители
-записници од состаноци на училишниот инклузивен тим
-водење дневник за менторство
-документација за извршената аналитичко-истражувачка работа

Дефектолог: Теовска Билјана

**Полугодишен извештај за работата на библиотекарот**

Според предвидената програма за работа на библиотекарот за учебната 2020/2021 година, во текот на месец август и септември беа примени и евидентирани нарачани учебници за сите ученици од I до IX одделение и дел во текот на целата учебна година (има голем број сѐ уште непристигнати учебници) коишто се евидентирани во обрасци и листи на примени и вратени учебници (образец 2 за вратени учебници од учебна 2019/2020год. и образец 1 за примени учебници за учебна 2020/2021 год.)
Со оглед на ситуацијата со пандемијата со КОВИД 19, освен образовниот процес, промени во однос на функционирањето и дејноста претрпе и библиотеката и се соочи со бројни промени и прилагодувања кон одвивањето на воспитно – образовниот процес во вакви специфични услови. Според тоа, соработката со издавачката куќа „Просветно Дело“ АД – Скопје сѐ уште функционира, но е стопирана дистрибуцијата на списанијата „Росица“ (1 одд.), „Другарче“ (2 и 3 одд.), „Развигор“ (4 и 5 одд) и „Наш Свет“ (6-9 одд) за нашите ученици ќе остане така

до моментот кога работата на училиштата повторно ќе се врати во нормален тек. Сепак во изминатиот период, поконкретно првото полугодие од учебната 2020/2021г. библиотеката стана побогата за многу литературни наслови и лектирни изданија, како набавени од страна на училиштето, така и преку донации.
Во однос на начинот на работа на библиотеката во веќе наведените услови, сепак библиотекарот продолжи и понатаму успешно да ги реализира предвидените задачи во континуитет – запишување, евидентирање во тетратка на донации, компјутерско евидентирање, печатење, лепење, редење по сталажи по азбучен ред, средување и подредување, комуникација со автори итн. и покрај тоа што ова полугодие библиотекарската секција не функционира како во периодот пред пандемијата.
Во текот на првото полугодие се вршеше зачленување и евидентирање во библиотека на учениците и наставниците, со отварање и издавање на членски број на картон на читател, така што и покрај се беше овозможеноуслужување, односно позајмување на задолжителни лектирни изданија,стручна литература од повеќе области, слободна литература по сопствен избор, потребни списанија,публикации,видео и DVDCDпроекции, музички касети,како и информации за најновите наслови на издавачките куќи, но и информации за одредени интернет адреси итн.
Во однос на натпреварот „Млади библиотекари“ на којшто наши ученици земаат учество секоја година, оваа година истиот не се одржа, што е секако од разбирливи причини и логично на тоа предвидените ученици кои беа подготвувани во периодот пред пандемијата не беа во можност да учествуваат на натпреварот.
По повод Денот на училиштето или патрониот празник кој и во вакви специфични услови беше одбележан во рамките на протоколот и можностите, во месец октомври беше организиран поетски и ликовен конкурс за учениците од нашето училиште, а за наградените творби, односно ученици, беа набавени книги.
Училишниот библиотекар учествуваше и соработуваше на сите состаноци на актив на одделенска настава како и другите активи,на одделенските совети за одделенска настава, наставнички совети во училиштето каде штодаваше информации околу новитетите на следењето на педагошко-дидактичка литература,известувања за ново донирани и набавени книги, прирачници и сл. Непосредно, секој ден, според постојните ситуации и потреби, соработуваше со наставниците и другите стручни соработници во училиштето за поуспешно организирање и одвивање на работата.
Во однос на систематските прегледи, вакцинациите и стоматолошките систематски прегледи, во текот на првото полугодие,библиотекарот континуирано соработуваше со докторите и стоматолозите од амбулантата во Автокоманда околу известувањата и навременото реализирање на предвидените систематски прегледи, вакцинации и стручни здравствени предавања и работилници.

Согласно планот и програмата за имунизација,стоматолошки и систематски прегледи, беа презремени следните активности:
- во месец ноември извршена е вакцинација во деветтите одделенија (9а и 9б одд.);
- во месец декември извршен е систематски преглед и вакцинација во првите одделенија (1б и 1в одд.), извршена е вакцинација во вторите одделенија (2в и 2г одд.); извршена е вакцинација во деветтите одделенија (9г одд.);

- во текот на месеците октомври, ноември и декември извршени се редовни стоматолошки систематски прегледи и залевање заби во сите втори одделенија, во сите четврти одделенија и во седмите одделенија (7г одд.).
Согласно законската обврска за вакцинирање, во текот на првото полугодие учениците кои не се вакцинирале на редовниот термин при сеистематски преглед,надлежните во соработка со библиотекарот ги повикуваа учениците да се вакцинираат во однапред определени термини и според определен протокол кој е во согласност со општата ситуација и оди во прилог на заштита на здравјето и превенција од зараза со КОВИД 19, а истото важи и за редовните систематски прегледи, стоматолошки систематски прегледи и вакцинации

Библиотекар:

Мери Тодорова Младеновска

## 10.Работа на училишните организации

**Полугодишен извештај за работата на Ученичкиот парламент**

Во текот на првото полугодие од учебната 2020 /2021 година, активностите на Ученичкиот парламент се реализираа според годишната програма.
Состаноците се одржуваа преку апликацијата Zoom. Покрај предвидениот дневен ред на овие состаноци, учениците имаа можност да дискутираат на различни теми од училишниот живот за кои се засегнати.

-Како се гради Ученичкиот парламент (формирање и функционирање на УП – ПМИО) и презентирање на годишната програма, потребата од формирањето на ученичките тела, избор на претседател на УП, претставници во Совет на родители, Училиштен одбор и Наставнички совет;
На овој состанок на учениците им се објасни што е тоа Ученички парламент, како се формира, а воедно беше дискутирано и за начинот на кој функционира УП. Беше презентирана годишната програма, активностите и работилниците кои треба да се реализираа во текот на учебната година. Беше објаснета потребата и важноста за формирање на ученички тела, процедурата за избор на претседател и заменик преседател на паралелката, критериумите кои овие ученици треба да ги задоволуваат како и нивните обврски и задачи во текот на учебната година. На учениците подетално им се објасни и за работата на УП, начинот на кој ќе се избира Претседателот на УП, претставниците во Совет на родители, Училиштен одбор и Наставничкиот совет, по што следуваше изборот.
На овој состанок за претседател беше избран Ѓорѓи Цветковски VIIб одд., а за негов заменик Јована Лефковска IXв одделение.
Беше истакнато дека и оваа учебна година ученичката АњаРојчинова од VIIIв одд. е Ученички правобранител, затоа што мандатот на изборот трае две години.
Учениците на овој состанок добија улога на организатори. По повод 20 Ноември ,,Светски ден на детето“, беше истакнато дека секоја паралелка треба да подготви

одредени активности за одбележување на овој ден (презентација, плакат, постер, литературни творби, ликовни творби...). Подготвените активности да бидат реализирани интерно во секоја паралелка на одделенскиот час на 23.11.2020 год.
-Активности по повод патрониот празник, кампањата на Црвениот Крст ,,Денот на гладта“.
Учениците беа поттикнати да учествуваат на конкурсот по повод патрониот празник со свои ликовни и литературни творби на дадената тема. Учениците беа информирани за кампањата која ќе ја спроведува Црвениот Крст, ,,Светскиот ден на гладта“ и можноста за донирање храна.
-Украсување на училниците и ходниците во училиштето (новогодишна магија во училиштето), новогодишни активности во паралелките.
На овој состанок беше истакнато дека оваа активност која е планирана со годишната програма се однесува само на учениците од I до III одделение, а целта е секоја паралелка потребно е да ја украси својата училница и паното пред училницата по повод Новата година. Беше дискутирано и за новогодишните активности кои ќе се реализираат во училниците по желба на учениците.
-Учество на вируелна работилница за ученици од основните училишта ,,Детски парламент“.
Учениците Ѓорѓи Цветковски VIIб, Јована Лефковска IXв, Дина Тахир Богатиновска VIIIв и Ања Којчинова VIIIв на 4 декември 2020 год. имаа можност да учествуваат на вируелната работилница ,,Детски парламент“ организирана од страна на Парламентарниот институт.
Учениците по виртуеланата обиколка на Собранието, имаа средба со пратеници од Собранието, кои одговараа на прашања на нивните прашања. Учениците во улога на пратеници имаа можност да бидат дел и од играта на улоги и да дискутираат на тема ,,Онлајн настава наспроти настава со физичко присуство на учениците“. Учениците се пријавуваа за збор на дадената тема, а потоа им беше дозволено и да реплицираат на одредени соговорници.
Организацијата на работилницата беше на високо ниво и истата помина во пријатна и опуштена атмосфера.
-Предавање со учениците од шесто одделение на тема: “Техники на учење
На 15, 16 и 17.12.2020 год. училишниот педагог одржа онлајн предавање на тема “Техники на учење“ пред учениците од сите паралелки на шесто одделение. Преку интерактивен разговор учениците беа запознати со поимот успешно учење, условите кои влијаат на учењето, како и со секој од факторите кои влијаат на учењето.
Преку конкретни примери на учениците им се обрна внимание на значењето од планирање на учењето, односно правењето план за учење и што треба истиот да содржи. Посебно беше нагласено кое учење го нарекуваме активно и кои начини на учење учениците да ги практикуваат при совладување на наставните содржини.
На крајот од презентацијата на учениците имаа можност да споделат со своите соученици што недостасува во нивнотот планирање и начин на учење.

Одговорни наставници на УП: Благица Илијевска и Виолета Радулова

**Полугодишен извештај за работата на Подмладокот на Црвениот Крст**

Согласно Годишната Програма за работа на училиштето и Програмата за работа на основната организација на подмладокот на Црвениот Крст во првото полугодие од учебната 2020/21 год. беа реализирани следниве активности:
-Избор на Раководен Одбор на ПЦК на училиштето и запознавање на членовите на одборот со правата и обврските ( септември).
- Набавка и снабдување на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства со потребен училишен прибор за претстојната учебна година (септември).
- Спроведување на активности и предавање на тема орално здравје по повод Неделата на забоздравствена заштита (15-21 декември)

Одговорен на ПЦК: БилјанаТеовска

**Извештај за работата на Детската организација**

Поради новонастанатата ситуација со пандемијата со Ковид-19, како и придржувањето кон протоколите за превенција од истите и реализацијата на online настава (настава на далечина), предвидените содржини во Програмата за работа на Детската организација за учебната 2020/21 година се адаптирани и реализирани зависно од можностите и од околностите на училишно работење и типот на организирање и на реализирање на настава.
Учебната 2020/21 година започна еден месец подоцна, на 01.10.2020, поради што неминовно следеше поместување и адаптација во мал дел од содржините и активностите при редоследот и при начинот на нивната реализација.
Поради изменетиот начин на реализација на наставата (I-III одд. делумно со физичко присуство, делумно на далечина; IV-IX одд. на далечина) предвидените содржини најчесто беа реализирани преку пригодни активности, предавања, презентации, информативни текстови и илустрации на Часот на одделенска заедница или на наставните часови по соодветните наставни предмети, како и преку ликовен и литературен конкурс (Ден на училиштето).

| Содржина | Цел | Датум |
|---|---|---|
| Пригоден прием по повод првиот училиштен ден (прием на првачиња) | Поттикнување весела атмосфера при приемот на првачињата во нивниот втор дом; Развој и негување на правилен однос кон училиште и кон другарство | 01.10.2020 |
| 5 Октомври – Светски ден на учителите (Teachers' Day) | Развивање чувство на почит кон благородната работа, трудот и ангажманот на учителите | 05.10.2020 |

| | | |
|---|---|---|
| Одбележување на Детска недела: Детска организација – формирање, цел, задачи и активности | Запознавање на учениците со целите и со активностите на Детската организација; Развивање чувство на солидарност | 05.10.2020 |
| Свечена приредба за прием на првачињата во Детска организација | Зачленување во Детската организација;<br>Запознавање на првачињата со основните детски права и должности | Нереализирана, според препораките на Сојузот за грижи и воспитување на деца на РСМ |
| Патронен празник – Ден на училиштето | Вечен спомен, благодарност и почит кон ликот и делото на нашиот патрон Стив Наумов | 26.10.2020 |
| 13 Ноември - Денот на ослободувањето на градот Скопје | Проследување на историјата на нашиот колективен дом - Скопје; Почит кон борците за слобода и значењето на празникот | 13.11.2020 |
| „Златно славејче“ – фестивал на детски песни | Продолжување на традицијата во посетата на ова музичко обележје на нашиот главен град; Развој на музичка култура кај најмладите | Нереализирана, според препораките на Сојузот за грижи и воспитување на деца на РСМ |
| 20 Ноември - Одбележување на Светскиот ден на детето | Да се развиваат љубов и почит кон децата и запознавање со детските права | 20.11.2020 |
| 3 Декември – Меѓународен ден на лицата со хендикеп | Поттикнување на чувство за давање помош и поддршка на лицата со хендикеп и нивно рамноправно вклучување во општествените сфери | 03.12.2020 |
| 8 Декември – Св. Климент Охридски | Вреднување на просветителската дејност и делата на Св. Климент Охридски; Љубов и почит кон ликот и делото на Св.Климент | 07.12.2020 |
| Уредување и украсување на училишниот ентериер со уметнички изработки со зимски и новогодишни мотиви | Развивање на креативноста и на уметничкиот дух кај учениците; Создавање потопол училишен ентериер во периодот на претстојните новогодишни празници | 14.12.2020 |

Одговорни наставници: Елизабета Каранфилова и Бојана Митевска

## 11. Извештај за работата на училишниот инклузивен тим за првото полугодие од учебната 2020/21 год.

Согласното Програмата за работа на училиштето и Програмата за работа на училишниот тим за инклузија во првото полугодие од учебната 2020/21 год. беа реализирани следните активности:

-Формирање на училишен инклузивен тим и тим за инклузија на учениците со ПОП

-Изготвување на годишна програма за работа на тимот за инклузија и нејзино усвојување

-Анализа на законските новини во Законот за основно образование во делот за инклузија на учениците со ПОП
-Анализа на потребите на наставниците за посета на обуки и семинари за работа со ученици со ПОП
-Евиденција на учениците со ПОП, формирање база на податоци за учениците со ПОП, разгледување на мислењата и наодите од Завод за ментално здравје)
-Идентификување на посебните потреби на ученикот (изготвување на педагошки профил), идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците и примена на инструменти за опсервација и дијагностика

-Непосредна работа на дефектологот со учениците со ПОП- вежби за поттикнување на психомоторниот развој, како и помош при совладување на одредени наставни содржини преку диференциран пристап

-Поттикнување на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со посебни образовни потреби, како и мотивација на ученикот за понатамошна работа и напредок.- советодавно-консултативни разговори со учениците на одд.часови и разговори со родителите на индивидуални средби

-Следење на индивидуалните постигања на учениците со ПОП после секој квалификационен период- ревизија и дополнување на среднорочните/тематски индивидуални образовни планови

-Запознавање на предметните наставници со специфичностите во учењето кај одделни ученици
-Помош и поддршка на личните/образовни асистенти при вклучувањето во воспитно-образовниот процес со учениците со ПОП
-Помош и поддршка на наставниците при изготвување на среднорочните и краткорочните индивидуални образовни планови за учениците со ПОП
-Увид во среднорочните индивидуални образовни планови/тематски планирања

-Поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество во воспитно-образовниот процес преку вклучување во планирањето и поддршката на развојот на учениците
-Советување и разговор со родителите и нивно учество при изготвување на индивидуални образовни планови - одредување на приоритетни подрачја на поддршка и развој
-Следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставно-образовниот процес преку посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со ПОП

-Евиденција од работата на УИТ-записници од одржани состаноци

-Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа на УИТ-изготвување на полугодишен извештај

Координатор:Билјана Теовска

## 12.Извештаи за реализирани вонаставни активности

**Полугодишен извештај за екскурзии 2020 /2021 година**

Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основното образование ("Службен весник на РС Македонија бр.161/19 и 229/20 год.) и врз основа на Правилникот за дополнување на правилникот за начинот за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта од 15.10.2021год., донесен од министерката за образование и наука, Програмата за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците во нашето училиште беше ставена во мирување.
Во овој период, односно во текот на првото полугодие планираните екскурзии, излетите и другите вонучилишни активности за учениците не беа изведени поради пандемијата од КОВИД19.

**Полугодишен извештај за реализирани општествено-образовни активности за учебната 2020/202021 год.**

Според програмата за организирање разновидни општествено-образовни активности предвидени за учебната 2020/2021 год. во текот на првото полугодие беа реализирани следниве активности:

| Реализирана општествено-образовна активност | Датум |
|---|---|
| Приредба по повод поаѓање на првачињат на училиште; | 01.10.2020 |
| Одбележување на светскиот ден на учителите; | 05.10.2020 |
| Одбележување на детската недела /Прием на првачињата во детската организација; | 05-09.10.2020 |
| Одбележување на 11-Октомври; | 09.10.2020 |
| Одбележување на 23-Октомври –Ден на македонската револуционерна борба; | 22.10.2020 |
| Активности за одбележување на патрониот празник; | 26.10.2020 |
| Одбележување на 2 ри Ноември-Денот на општината; | 02.11.2020 |
| Одбележување на 13ти Ноември –Денот на ослободување | 13.11.2020 |

| | |
|---|---|
| на Скопје; | |
| Одбележување на „Светскиот ден на детето“ | 20.11.2020 |
| Одбележување на „Св. Климент Охридски“ | 07.12.2020 |

- За учениците од I-III одд. активностите се реализираа во училница, додека пак за учениците од IV-IXодд.активностите се спроведуваа online , на часот со класниот раководител.
- За секоја активност доставени се извештаи од страна на наставниците носители на активноста кај одговорните наставници.

Одговорни наставници:Олга Добревска
Тања Гигова

**Извештај од спроведените активности во рамките на проектот„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“**

Во период од 01.10. 2020 год. до 30.12.2020 год**.** во училиштето се спроведоа следните активности во кои поради пандемијата беа застапени преку on lajn-наставата со работилници од I- IX одд и на часовите со физичко присуство од I- III одд.

| **Активност** | **Време на спроведување** | **Учесници** |
|---|---|---|
| Активности по повод прв училишен ден и свечен прием на првачињата во училиштето | 01.10.2020 г. | Наставници, родители , ученици |
| Активности по повод детска недела и прием на првачињата во Детска организација | 05.10.2020 г. | Наставници, родители , ученици |
| Активности-Патронен ден на училиштето-ликовен и литературен конкурс | 25.10.2020г. | Наставници, родители , ученици |
| Активности по повод одбележување„Месец на хуманост“ - Ден на општината -Ликовна работилница -изработка на ликовни творби- макети | 02.10.2020г.<br>02.11.2020г. | Наставници, родители и ученици од I-IX одд. |
| Активности -најдобар постер по повод Светскиот ден на храната | 16.10.2020г.<br>06.11.2020 г. | Наставници, родители и ученици од одделенска настава |

| | | |
|---|---|---|
| Родителски средби<br><br>Средби и договор за заеднички активности | 05.10.2020г.<br><br>19.11.2020г. | Наставници, родители и ученици од I-IX одд. |
| Креативни работилници - изработки на новогодишни украси,декорации... и нивно изложување на училишни паноа-новогодишно украсување | 13.12.2020г.<br>25.12.2020г. | Наставници, родители и ученици од одделенска настава |
| Предавање од област на детска стоматолошка превенција„Здрави запчиња –блескава насмевка“ | 18.12.2020г. | Наставници, родители и ученици од одделенска настава |
| Новогодишна изложба | 30.12.2020г | Наставници ,родители и ученици од I- III одд. |

Сите активности се записнички евидентирани и слики се објавени на Web страната на нашето училиште

Одговорни наставници:
Слободанка Басотова
Маја Питроповска

## 12. Заклучоци и предлог мерки за понатамошно делување

Извештајот за работата на ООУ „ Стив Наумов“- Скопје за првото полугодие од учебната 2020/2021година според изнесените податоци сугерира одредени заклучоци:

1.Условите во кои работи училиштето се во согласност со Законот за основно образование на РСМакедонија . Потребни се заложби од МОН на РМ , локалната самоуправа , Советот на родители и Училишниот одбор за понатамошно подобрување на материјално-техничката екипираност на училиштето

2.Стекнатите знаења од обуките/вебинарите кои ги посетија наставниците, директорот и стручните соработници се имплементираат во наставата и придонесуваат за подобрување на квалитетот на истата;

3.Во училиштето успешно се планираше и организираше воспитно образовниот процес, со почитување на сите протоколи, насоки и упатства од МОН и БРО за работа во услови на пандемија од КОВИД 19;

4. При оценување на учениците во овој период наставниците се водеа од упатството за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина (02-956/1) од 22.09.2020 и упатството за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина односно учење од дома (12-4217/1) од 30.03.2020г. дадени од БРО и МОН.
Средниот успех на учениците кој изнесува 4,35 е во согласност со стандардите и критериумите на оценувањето;
На крајот на ова полугодие една ученичка е неоценета поради неоправдано отсуство од настава повеќе од еден месец, за што е постапено согласно законските прописи и пријавено кај надлежниот општински просветен инспектор.
Наставниците со поддршка на инклузивниот тим изготвија индивидуални образовни програми за учениците со посебни образовни потреби, а со некои ученици согласно нивните можности и способности се работи со примена на диференциран пристап.

5.Продолжува трендот на соработка со родителите кои се вклучуваат во сите аспекти од работењето на училиштето.
Беа поканети на советување двајца родители на ученици кои нередовно ја посетуваа наставата од кои едниот родител не се појави по уредно доставените покани и за истиот е доставена пријава кај општинскиот просветен инспектор.

Очекуваме тимското делување на релацијата наставник-ученик-родител во иднина да донесе уште поголеми резултати во интерес на подобрување на постигањата и однесувањето на учениците.

6.Да се продолжи со редовно изведување на дополнителна и додатна настава, како и вонnаставни активности со цел да се влијае на успехот , редовноста , личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците.

7.Кај наставниот кадар постои континуитет во ангажирање за примена на современи стратегии и техники за учење и поучување, методи и форми за работа за унапредување на наставата како и развивање на критичко мислење кај учениците.

Скопје 26.01.2021 год.

ООУ„Стив Наумов“ Скопје

в.д. директор

____________________

/ Елизабета Јовановска /